Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 40-та седница одржана на 13.11.2020 година, во врска со Предлогот бр.03-4134/1 од 09.11.2020 година за покренување прекршочна постапка против ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на Правилникот за заштита на малолетните лица, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-4121/1 од 06.11.2020 година на ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

2. Советот заклучи против ТРД Компани 21-М ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 22 став 2 од Правилникот за заштита на малолетните лица наведениот радиодифузер на 13 октомври 2020 година не ги означи промотивните најави за серијалите „Kalbimdeki Deniz“ и „Şampiyon“, со соодветен визуелен знак од предупредувачката сигнализација за категоријата програми што се најавува.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Бр. 02-4161/6

13.11 2020 година

С к о п ј е

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**